**ЕВРОПСКА УНИЈА – РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МЕШОВИТ ПАРЛАМЕНТАРЕН КОМИТЕТ**

10-ти состанок

Брисел, Европски парламент

7 јуни 2012

# Декларација и препораки

Мешовитиот парламентарен комитет ЕУ-Република Македонија, го одржа својот 10-ти состанок на 7 јуни 2012 година во Брисел со заедничко претседавање на г. Јорго Шацимаркакис (АЛДЕ, Германија) и г. Кенан Хасипи (Демократска партија на Турците, Република Македонија).

На овој состанок Комитетот размени мислења со г. Никола ПОПОВСКИ, министер за надворешни работи, во име на Владата на Република Македонија, г. Фернандо Гантлини, ЕЕАС, директор за Западна Европа, Западен Балкан и Турција, претставувајќи го Советот на Европската унија и г-ѓа Александра Кас Грање, Европска комисија, ГД за проширување, Директорат Б.

Мешовитиот парламентарен комитет ги разгледа следниве прашања:

- Односите меѓу Европската унија и Република Македонија;
- Развојот на настаните во земјата во контекст на пристапниот дијалог на високо ниво, особено;
  а) односите меѓу заедниците и преглед на имплементацијата на Охридскиот рамковен договор;
  б) реформите во областа на правосудството и јавната администрација;
  в) слободата на медиумите и скорешниот дијалот меѓу Владата и претсавниците на медиумите - преглед на ситуацијата;
  г) борбата против корупцијата и организираниот криминал;
- Економската ситуација во земјата; стратегиите на Владата за надминување на актуелните предизвици и
- Регионалното управување со отпадот и алтернативните извори на енергија: поголемо искористување на претпристапните фондови на ЕУ.

Имајќи ги предвид:

А. Извештајот за напредокот на Република Македонија и Стратегијата за проширување и главните предизвици 2011-2012 година од 12 октомври 2011 година;

Б. Партнерството за пристапување усвоено од страна на Советот на ЕУ во февруари 2008 година;

В. Резолуцијата на Европскиот парламент по Извештајот за напредокот на Република Македонија во 2011 година, од 14 март 2012 година;

Г. Заклучоците на Советот на ЕУ за проширувањето и процесот за стабилизација и асоцијација од 5 декември 2011 година;

Д. Заедничкото соопштение за јавноста од Осмиот состанок на Советот за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и ЕУ од 23 јануари 2012 година и

Ѓ. Пристапниот дијалог на високо ниво - Заклучоците од 15 март и 7 мај 2012 година.

Мешовитиот парламентарен комитет ЕУ-Република Македонија, во согласност со Правилото 3 од Деловникот за работа, ги упатува следниве препораки до институциите во Република Македонија и Европската унија:

**<u>За односите меѓу ЕУ и Република Македонија:</u>**

1. Го поздравува отпочнувањето на пристапниот дијалог на високо ниво (ХЛАД) меѓу Република Македонија и Европската комисија на 15 март во Скопје и заложбите на Владата на земјата за натамошен напредок во клучните области како слободата на изразување, владеењето на правото и основните права, реформите на јавната администрација и изборното законодавство и зајакнувањето на пазарната економија, сепак потсетува дека ХЛАД не треба да се смета за замена, туку за мост кон отпочнување на преговорите за членство;

2. Ги нотира заклучоците на Советот на ЕУ од 5 декември 2011 година, со кои се споделува процената на Комисијата за натамошниот напредок од страна на земјата во клучните реформски области и исполнувањето на обврските од Договорот за стабилизација и асоцијација (ДСА), во тој контекст, бара почеток на имплементацијата на втората фаза од Договорот за стабилизација и асоцијација;

3. Го повикува Советот да ја потврди препораката на Комисијата и да ѝ даде на земјата датум за почеток на преговорите за пристапување во текот на следното претседателство во 2012 година;

4. Жали за испуштањето на придавката "македонски" во однос на идентитетот, културата и јазикот на земјата во Извештајот на Комисијата за напредокот во 2011 година, и препорачува Европската комисија повторно да ја воспостави својата пракса од претходните извештаи за напредокот;

5. Ја поздравува пресудата на Меѓународниот суд на правдата во поглед на прашањето за спорот околу името од 5 декември 2011 во однос на Времената спогодба и констатира дека истата претставува

обврска за Грција да не го попречува членството на земјата во НАТО и почетокот на преговорите за членство во ЕУ;

6. Охрабрува во наредниот период, основање на мешовити експертски комисии за историја и образование од страна на академиите за науки и уметности на соседните земји, слично на соработката меѓу Франција и Германија во оваа област во минатото, за да се зајакне научната соработка со соседните земји, со тоа давајќи придонес на добрососедските односи, надминувајќи ги историските тензии и постигнувајќи објективни учебници и образование;

7. Ги поздравува иницијативите за основање на објективна вистина во однос на неодамнешната комунистичка историја на земјата, како и напорите за оттргнување од нејзиното влијание во политичкиот, економскиот, академскиот и медиумскиот живот во општеството, во тој контекст, ја поддржува јавната дебата за предложеното ново законодавство наменето за зајакнување на процесот;

8. Поздравувајќи го претстојното претседателство на земјата со Процесот за соработка во Југоисточна Европа од јуни 2012 до јуни 2013 година, го истакнува континуираното учество и конструктивниот придонес на земјата во регионалната соработка, како посебно значаен елемент за земјите кандидати и аспиранти за членство во ЕУ;

9. Ја истакнува континуираната вклученост на земјата во Заедничката безбедносна и одбранбена политика на ЕУ (ЗОБП), како учеството во мисијата ЕУФОР Алтеја, како и придонесот во ЕУ- Борбена група II/2012 и го охрабрува натамошниот придонес во цивилните и воени операции во рамките на ЗОБП;

10. Забележува дека Република Македонија презеде повеќе мерки за спречување на злоупотребата на безвизниот режим што е многу значајно постигнување за граѓаните, истовремено повикува на правична имплементација на основните права на сите граѓани во земјата, како и за развојните политики за маргинализираните групи;

11. Истакнува дека придонесот на Европската унија за развојот на земјата, особено преку Инструментот за претпристапна помош (ИПА) од 2007 година и забележува дека за 2012 година се предвидени околу 101,8 милиони евра, дополнително на повеќе-корисничките програми, во таа насока го поздравува доделувањето на управување и одлучување на четирите ИПА компоненти, додека подготовките за останатата компонента се во тек, ја повикува

владата да ги искористи овие фондови за да ги спроведе клучните реформи потребни пред пристапувањето во ЕУ;

**<u>Фокус на развојот на земјата во контекст на пристапниот дијалог на високо ниво:</u>**

12. Го поздравува отпочнувањето на пристапниот дијалог на високо ниво и заклучоците усвоени од двата состанока во Скопје, како заедничка заложба на Владата на земјата и Европската комисија, како и инклузивноста на процесот со вклучување на Парламентот и Националниот совет за евроинтеграции во кој се застапени пратеници и претставници на граѓанското општество, имајќи предвид дека ХЛАД обезбедува значајна поддршка на процесот на пристапување на земјата со фокусирање на клучните реформски приоритети;

13. Во таа насока, ја пофалува Владата за усвојувањето на оперативниот патоказ за справување со петте клучни области од страна на Владата со специфични цели и активности кои треба да се исполнат во следните месеци, вклучувајќи ги слободата на изразување во медиумите, владеењето на правото и основните права, реформата на јавната администрација, реформата на изборното законодавство и зајакнувањето на пазарната економија;

14. Ги поздравува заклучоците од вториот круг од високиот претпристапен дијалог на високо ниво одржан во Скопје и ја повикува Владата да ја искористи оваа прилика на најдобар начин да испорача конкретни резултати до следниот круг кој ќе се одржи во септември, со цел да се задржи позитивната препорака на Комисијата во Извештајот за напредокот на земјата кој ќе биде објавен во октомври оваа година;

**<u>За односите меѓу заедниците - преглед на имплементацијата на Охридскиот рамковен договор:</u>**

15. Уште еднаш истакнува дека Охридскиот рамковен договор останува клучен столб на демократијата и владеењето на правото во Република Македонија;

16. Ја поздравува посветеноста на Владата за зајакнување на меѓуетничките односи, особено преку сеопфатен преглед на имплементацијата на Охридскиот рамковен договор до јуни 2012 година, со цел да се постигне “интеграција без асимилација” во духот на мултикултурализмот;

17. Ја истакнува потребата од адекватни подготовки и оперативна организација на пописот во согласност со законот и стандардите на

Евростат, кој за жал беше прекинат минатата година во октомври, уште еднаш ја повикува Владата да претстави кредибилен план за имплементација на процесот;

18. Жали за меѓуетничките инциденти од почетокот на годината и е згрозен од убиството на неколку граѓани во земјата во февруари и април годинава по зголемените меѓуетнички тензии и насилство, истовремено ги забележува реакциите од страна на Парламентот, имено преку Комитетот за односи меѓу заедниците и одговорниот однос на сите политички партии и претставниците на верските заедници;

19. Го истакнува актуелното претседателство на земјата со меѓународната иницијатива "Декада за вклучување на Ромите", како и владината Стратегија за социјално вклучување на Ромите 2012-2014 година, кои претставуваат значаен чекор за подобрување на статусот на Ромите, забележува дека е постигнат одреден напредок во интеграцијата на Ромите во неколку области, сепак охрабрува на натамошни напори во поглед на лошите услови за живот со кои се соочува ромската заедница и континуираната дискриминација во врска со пристапот до образование, пазарот на труд, здравствената заштита и социјалните услуги;

20. Ја охрабрува тенденцијата за поголема инклузивност на децата од различни етнички групи во образовниот систем и повикува на давање поддршка за таа цел преку Инструментот за претпристапна помош, како и конкретна соработка со ОБСЕ во оваа област;

**<u>За реформите во судството и јавната администрација:</u>**

21. Охрабруваат натамошните реформи на Законот за судовите со цел да се забрза професионализацијата на изборот на судии во повисоките судови, сепак ја повикува Владата да ја реализира својата заложба за ревизија на правните одредби за дисциплински постапки и разрешување со цел да се осигури независност на судството;

22. Ги нотира подготовките за значајните реформи во јавната администрација кои се во напредна фаза, како и некои позитивни чекори во поглед на политиката на вработување во државната администрација и повикува на натамошно почитување на принципот на транспарентност, професионализам и независност во подготвениот нов Закон за администрација, ја нотира потребата од натамошно спроведување на принципот на соодветна и правична застапеност во јавната администрација;

23. Забележува дека Владата и политичките партии е посветена на сеопфатна реформа на изборното законодавство, во согласност со препораките на ОДИХР и ГРЕКО до септември 2012 година;

**<u>За слободата на медиумите и скорешниот дијалог меѓу Владата и претставниците на медиумите - преглед на ситуацијата:</u>**

24. Ја повикува Владата да продолжи со справување со сериозната загриженост во врска со слободата на изразување во медиумите, меѓу другото и преку натамошно продлабочување и продолжување на инклузивниот дијалог со здружението на професионални новинари, особено во поглед на декриминализацијата на клеветата, како и преку зајакнување на професионалните стандарди во новинарството;

25. Ја забележува одлуката на Советот за радиодифузија во поглед на конфликтот на интереси и нелегалната концентрација;

26. Ја охрабрува Владата за неселективен пристап на примената на Законот за казнување на даночни измами и финансирањето на јавни огласи;

**<u>За борбата против корупцијата и организираниот криминал:</u>**

27. Забележува дека корупцијата во некои области и натаму претставува и продолжува да биде сериозен проблем и истакнува дека постоењето политичка волја е апсолутен предуслов за спречување на систематска корупција, ја повикува Владата да постигне кредибилен успех во борбата против корупцијата, особено во поглед на транспарентноста на јавните набавки и финансирањето на партиите;

28. Ги охрабрува напорите за зголемување на независноста и непристрасноста на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) и ја повикува Владата да ги обезбеди потребните средства и служба за нејзина работа, во овој контекст нотира неколку случаи од висок профил иницирани од страна на Комисијата за спречување на корупцијата, сепак изразува загриженост поради селективната примена на Законот за спречување на корупцијата и повикува на негова транспарентност и еднаква примена, понатаму го поздравува законодавството за справување со конфликтот на интереси;

29. Го забележува со загриженост убиството на петмина граѓани на земјата во април што се третира како можен терористички чин и ги повикува државните институции, сите политички партии и граѓаните на земјата да овозможат професионално продолжување

на истрагата за случајот без мешање, а истовремено со заштита на уставните права на осомничените;

**<u>За економската ситуација во земјата:</u>**

30. Ја истакнува процената на Комисијата дека земјата треба да биде способна да се справи со конкретните притисоци и пазарните сили во рамките на Унијата на среднорочен план, сепак потсетува на големата структурна невработеност од околу 30% и причините за тоа, особено вработувањето на младите;

31. Ја поздравува заложбата на Владата во рамките на ХЛАД за зајакнување на институционалната рамка и подобро функционирање на пазарот, за сеопфатен и ефективен пазар на труд и охрабрување на вработувања за младите преку насочено образование и други програми, ја поздравува во оваа насока подготовката на Студијата за пазарот на работната сила, во соработка со Светската банка, за утврдување на причините за високите стапки на невработеност;

32. Ги поддржува олеснетите процедури за регистрирање на компании во земјата, како и забрзаните судски постапки, новата стратегија за вработување и подоброто функционирање на финансиските пазари и ги забележува адекватните макроекономски политики на земјата во контекст на глобалната криза, вклучувајќи ги и позитивните стапки на економски раст, ниската задолженост и задржувањето на стабилна инфлација;

33. Ги поздравува врвните одликувања на градот Скопје со најдобра подобрена бизнис регулатива во изминатите три години според Дуинг бизнисот за Југоисточна Европа за 2011 година, исто така ги поздравува јавните кампањи на Владата за охрабрување на претприемништвото и иновативните идеи и промотивните активности за привлекување на странски инвестиции во државата;

**<u>За регионалното управување со отпадот и алтернативните извори на енергија:</u>**

34. Ја забележува Националната стратегија за управување со отпад 2008-2020 година и Националниот план за управување со отпадот 2009-2015 година, како клучни документи во оваа област;

35. Забележува со задоволство дека е постигнат одреден напредок во областа на управувањето со отпадот во неодамнешниот период вклучувајќи го усвојувањето на Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори поопсежни консултации, сепак забележува дека административниот капацитет

и натаму е недоволен, како на централно така и на локално ниво и затоа очекува одржливост од тековните ИПА фондови за градење на капацитети и за подготовка на регионални планови за управување со отпадот во овој дел;

36. Освен тоа, забележува со загриженост дека целосното усогласување и натаму претставува голем предизвик за земјата и бара од ЕУ зајакната помош во оваа област;

37. Го поздравува напредокот во областа на енергетската ефикасност, вклучувајќи го и усвојувањето на националниот план за енергетска ефикасност, во согласност со заложбите на Работната група за енергетска ефикасност на Енергетската заедница во 2011 година, уште повеќе, го истакнува фактот дека во земјата беше спроведена кампања за штедење енергија;

38. Ги повикува Владата и ЕУ да издвојат доволно средства за Агенцијата за енергетика, со цел да ѝ се овозможи ефективна промоција на енергетската ефикасност и изворите на обновлива енергија;

39. Во делот на енергетска ефикасност, ја охрабрува Владата да продолжи со реализација на зацртаните цели, го поздравува усвојувањето на новиот Правилник за обновливи извори на енергија и Уредбата за повластени тарифи на полето на енергетската ефикасност;

40. Забележува дека подготовките во делот на обновливи извори на енергија продолжуваат, сепак ја повикува земјата да направи поголем напредок во искористувањето на потенцијалот за обновливите извори на енергија со цел да се зголеми уделот на обновливата енергија во крајната потрошувачка на енергија, во таа насока ја поздравува конструкцијата на осум мали хидроцентрали во тек, уште повеќе ја нотира дозволата издадена за изградба на пилот фарма за ветерници – Богданци;

**<u>За транспортот и прекуграничната инфраструктура:</u>**

41. Ја нагласува важноста за развивање на железничките врски како алтернатива на патниот транспорт во Република Македонија и во остатокот од регионот, ја поздравува, во оваа насока намерата на Владата да ги подобри или изгради железничките врски од Скопје до главните градови на соседните земји и повикува на завршување на железничката врска во рамките на Коридорот 8 и

42. Ги повикува властите на Република Македонија да ја отворат патеката кај граничниот премин за пешачење и велосипедизам

меѓу Стара Коњарево и Габрене да се подобри делот на "патеката на Железната завеса" меѓу Струмица и Петрич, со кофинансирање од страна на Европската унија.